РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-537/2
19-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

Постапката по предметот заведена под број 12-537/1 од 27.01.2026 година, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што не е констатирана повреда на закон во постапка за избор на државни правобранители.

Предметот со број 12-2141/1 од 12.08.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена анонимна пријава, без прилози во која се изразува незадоволство од долгото траење на постапка за избор на државни правобранители за подрачјето на -----, врз основа на која е оформен предмет со број 12-537/1 од 27.01.2026 година. Пријавата е од 2026 година, а огласот за кој се однесува се наведува дека бил објавен во текот на 2021 година, додека именувањето на двајца државни правобранители било извршено во 2024 година, поради што подносителот смета дека постапката е спроведена спротивно на законските одредби,

Државната комисија ги разгледа наводите во пријавата и релевантните одредби од Законот за државното правобранителство.

Согласно член 18 став 3 од Закон за Државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2007 и 104/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/2024), Државните правобранители ги именува Владата на Република

Македонија по претходно прибавено мислење од државниот правобранител, без ограничување на мандатот.

Според член 19 од истиот Закон, Владата на Република Македонија распишува оглас за именување на државен правобранител и државни правобранители најдоцна во рок од 15 дена од настанувањето на условите за избор на државни правобранители.
Постапката за именување и избор на државниот правобранител и државните правобранители започнува 60 дена пред исполнување на причините за престанок.
Огласот од ставот (1) на овој член се објавува во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

Од анализата на цитираните законски одредби произлегува дека законот пропишува рокови во однос на започнувањето на постапката и распишувањето на огласот, но не предвидува рок во кој постапката за именување мора да биде завршена. Поради тоа, од наводите во пријавата не произлегува постапување спротивно на законските одредби, ниту пак постојат околности што би упатувале на корупција или судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: С.С.М., Член на ДКСК